USAID
FROM THE AMERICAN PEOPLE

PRIMARY
EDUCATION PROJECT

# Етички кодекс
# ЗА ТЕСТИРАЊЕ НА ЗНАЕЊАТА НА УЧЕНИЦИТЕ

МАКЕДОНСКИ
ЦЕНТАР ЗА
ГРАЃАНСКО
ОБРАЗОВАНИЕ

Изготвувањето на овој кодекс е финансирано од американскиот народ преку Агенцијата на САД за меѓународен развој (УСАИД) во рамките на **Проектот за основно образование**, компонента *Унапредување на оценувањето на учениците.*

Ставовите изразени во кодексот се на одговорност на Проектот за основно образование и не ги изразуваат ставовите на УСАИД или на Владата на Соединетите Американски Држави.

Кодексот го подготви:
Горица Мицковска во соработка со Работната група за компонентата *Унапредување на оценувањето на учениците*

Лектура:
Сузана Стојковска

Графичко уредување:
Кома лаб.



# ВОВЕД

## Вовед

Проверката, односно оценувањето на знаењата на учениците со помош на тестови на знаења често се смета, само по себе, за веродостојно и објективно. Тестовите на знаења, особено објективните, имаат голем потенцијал добро да го измерат знаењето на учениците за потоа добиените податоци да се искористат во сумативни или формативни цели. Меѓутоа, во текот на процесот, од донесувањето одлука за спроведување на тестирањето па сè до интерпретацијата и користењето на резултатите од тестот, постојат многу критични точки што можат да ги загрозат предностите што вообичаено им се припишуваат на тестовите. Дел од нив може да се должат на недоволната стручност на лицата што се вклучени во процесот на тестирањето, но исто така и на непочитувањето на етичките принципи во овој процес.

Овој кодекс се занимава со етичноста при тестирањето на знаењата на учениците и се однесува на сите видови тестирања, како на тестовите изготвени и спроведени од страна на наставниците, така и на тестовите изготвени и спроведени екстерно[1].

1 Се очекува за екстерните тестирања, покрај основните правила во овој кодекс, да бидат изготвени и посебни упатства и други нормативни акти.

*Целта на Кодексот* е да ја *подигне свеста на сите вклучени во тестирањата* за важноста да се обезбеди професионално и етичко однесување во врска со тестирањето на знаењата на учениците и *да се сведе на минимум непрофесионалното и неетичкото однесување при тестирањето на знаењата.* Затоа е важно правилата за тестирање на знаењето да им бидат познати и јасни на сите вклучени во процесот и на сите заинтересирани страни. Дури и за оние кои се сметаат за личности склони етички да се однесуваат, важи дека може да постапуваат така само доколку имаат професионални знаења и ги знаат конкретните правила.

Кодексот е опис на добра пракса на тестирање на знаењата кон која се тежнее и во него посебно се нагласуваат неетичките однесувања што ги нарушуваат основните правила за фер и објективно тестирање.

При изготвувањето на овој кодекс користени се слични кодекси за тестирања[2]. Кодексот е во согласност со Упатството за оценување во основните училишта[3], со Стандардите и процедурите за националните оценувања[4] и со Етичкиот кодекс за оценување на постигањата на учениците[5].

---

2 - Code of Fair Testing Practices in Education (2004), Washington D.C.:Joint Committee on Testing Practices.
- Standard Test Administration and Testing Ethics Policy for Utah Educators, Patty Harrington, Ed.D., Utah State Office of Education, http://www.schools.utah.gov/arc/AAEthicsPolicy.pdf, 15.05.2011.

3 - Упатство за оценување во основните училишта донесено од министерот за образование и наука со решение бр. 07158/1 од 21.02.2008.

4 Мицковска Г. (2005), Национално оценување во основното образование во Република Македонија, Стандарди и процедури, Биро за развој на образованието, Одделение за оценување, (интерен документ).

5 Етички кодекс за оценување на постигањата на учениците (2009), Работна група за компонентата „Унапредување на оценувањето“ , Проект на УСАИД за основно образование

# ПРИНЦИПИ

## Принципи

За тестирањето на знаењата важат слични принципи како и за секое квалитетно оценување на знаењата.

- **Тестирањето на знаењата треба да биде фер.** Тоа треба да биде осмислено и спроведено така што резултатите на тестот да зависат само од постигањата што се мерат, а не и од други особини на ученикот (на пр., социјалното потекло, полот, националноста...)**.**
- **Тестирањето на знаењата треба да биде валидно и релијабилно.** Тестовите треба да ги мерат оние знаења коишто се цел на мерењето. Оценувањето на тестовите е конзистентно од еден до друг оценувач.
- **Тестирањето на знаењата треба да биде транспарентно**. Јасно треба да се знае какви знаења мери тестот и за кои цели ќе се користат добиените резултати. Тестирањата треба да бидат однапред најавени.

# Цел на тестирањето на знаењата

Тестирањето треба да им овозможи на учениците да ги покажат своите знаења и компетенции во областа/предметот по којшто се врши тестирањето.

Резултатите од тестирањето им служат на:

**Учениците** да видат во која мерка ги постигнале целите и очекуваните резултати предвидени со наставните програми;

**Родителите** да видат дали нивното дете ги совладува пропишаните знаења и колку е успешно во тоа, а и каде се наоѓа во споредба со другите ученици;

**Наставниците** да видат што постигнале нивните ученици и каде се слабостите во постигањата со цел да ја подобрат наставата и да им помогнат на учениците да ги надминат пропустите;



**Училиштата** да видат колку биле успешни во реализацијата на програмите и понатаму да се подобруваат, како и да ги користат добиените сознанија за формирање на групи за додатна и за дополнителна настава, за напредување на ученикот во наредните години и при селекцијата за следните степени на образованието;

**Централната и локалните образовни власти** да видат колку се успешни во постигнувањето на целите на образованието, да ги идентификуваат слабите подрачја и да ја вреднуваат работата на училиштата со цел да се надминат слабостите и да се подобрат постигањата на учениците.

Еден тест може да послужи на повеќе корисници, но еден тест не може успешно да се користи за сите цели. Затоа за различни цели се изготвуваат различни тестови.

Тестирањето не смее да служи за заплашување и казнување на учениците и наставниците, како ни за стекнување неоправдани привилегии.

Резултатите од тестирањето не смеат да се употребат за други цели освен за оние за кои се наменети: мерење на постигањата на учениците со цел да се вреднува постигнатото и да се подобрува наставата и учењето.

# Подготовки за тестирање во текот на наставата

Проверката на знаењата со помош на тестови е составен дел на наставата и учењето. Етиката во тестирањето е дел од етиката во наставата и во оценувањето.

Наставниците треба:

- да обезбедат соодветно поучување и учење за сите содржини и компетенции што се дел од наставните програми и што ќе бидат проверувани со тестови;
- да знаат кои знаења и вештини може да се проверуваат со различни видови тестови (и објективни и есејски) и да настојуваат да ги развиваат во текот на наставата;
- да им овозможат на учениците во текот на наставната година на различни начини да ги демонстрираат своите постигања, вклучувајќи и одговарање на такви видови тестови какви што ќе бидат користени;
- да ги оспособат учениците за внимателно читање и разбирање на инструкциите и задачите во тестовите и за рационално користење на времето при одговарање на тестовите;
- во текот на наставата заедно со учениците да ги анализираат грешките што се прават при одговарање на тестовите, со цел да се надминат грешките што

настануваат од невнимание, од неразбирање на упатствата и од несоодветен приод во одговарањето на прашањата на тестот, како и со цел да се откријат причините за погрешните разбирања заради нивно надминување;

- да го намалат стресот од проверката на знаењата по пат на тестови со вклучување на учениците во изготвувањето и прегледувањето на прашањата на тестот што се користат во формативни цели;
- да не ги подготвуваат учениците за одговарање на тестови по пат на меморирање на прашањата вклучени во претходните тестирања;
- да не ги подготвуваат учениците за одговарање на конкретни прашања за кои однапред знаат дека ќе бидат дел од тестот;
- да ги информираат учениците и родителите за видовите и времето на тестирањето во текот на учебната година и за начинот на кој ќе се користат резултатите од тестирањата.

Тестовите и начинот на кој со нив се мерат знаењата и компетенциите не смеат да бидат изненадување за учениците.

ИЗГОТВУВАЊЕ И ИЗ

# Изготвување и избор на тестовите

Тестови на знаења изготвуваат специјализирани институции, но и наставниците. Тестовите ги користат државните институции, но и наставниците и учениците. Затоа понекогаш тие што ги изготвуваат и што ги користат тестовите се исти лица/институции, а понекогаш се различни.

При изготвувањето и/или изборот на тестовите се очекува:



| **Изготвувачите на тестовите** |
| --- |
| **1.** Да обезбедат тестот да биде соодветен на целта на тестирањето и да дадат информации и докази за тоа што мери тестот и за која популација е наменет, како и да дадат информации за предностите и ограничувањата на тестот. |
| **2.** Да дадат информации како се избрани наставните содржини и цели што се тестираат (спецификациска шема на тестот) и како е изготвен тестот. |
| **3.** Да обезбедат информации за карактеристиките на тестот (валидност, релијабилност, тежина) и да ги дадат на начин што е разбирлив за корисниците[6]. |
| **4.** Да дадат соодветни стручни насоки за користење на тестот (задавање, интерпретација). |
| **5.** Да изготват соодветни модификации за децата со посебни потреби. |
| **6.** Со тестот да обезбедат и соодветно упатство за задавање и за оценување на тестот. |

| **Корисниците на тестовите** |
| --- |
| **1.** Да изберат тест соодветен на целта на тестирањето, на наставните содржини и цели што ќе се тестираат и на учениците што ќе се тестираат. |
| **2.** Да изберат тест кој ги проверува наставните содржини и цели што ќе се тестираат. |
| **3.** Да изберат тест врз основа на неговите мерни карактеристики, доколку се тие познати. |
| **4.** Да обезбедат лицето што ќе го користи тестот да има соодветни стручни знаења. |
| **5.** За децата со посебни потреби да користат адаптирани верзии на тестот. |
| **6.** Да го проучат упатството за задавање и оценување на тестот и да го почитуваат. |

6 Ова првенствено се очекува од тестовите наменети за екстерни тестирања.

ЗАДАВАЊЕ

# Задавање на тестот

Колку што е важно да се обезбеди квалитетен тест, подеднакво е важно тој да биде зададен на начин што ќе обезбеди фер тестирање. Неетичкото однесување е највидливо во процесот на задавањето на тестот.

Со цел тестирањето да биде фер корисниците на тестот треба да обезбедат:

- чување на тестовите на сигурно место до времето на тестирање;
- присуство на сите ученици кои треба да го одговараат тестот (со исклучок на оправданото отсутните);
- пишани упатства и посебна обука за спроведување на екстерните тестирања и на училишните тестирања од чии резултати во голема мера зависи напредокот на ученикот;
- почитување на дадените упатства за спроведување, еднакви услови за сите ученици и континуирано надгледување на регуларноста на тестирањето од страна на лицата што го задаваат тестот;

- соодветни услови за непречено спроведување на тестот (услови за самостојна и концентрирана работа на учениците);
- сите ученици добро да ги разберат упатствата за одговарање на прашањата и за начинот на бележење на одговорите.

**Притоа не се дозволени следните активности:**

- пред тестирањето не смеат да се даваат информации во врска со конкретни задачи во тестот или да се даваат примероци од тестот на увид на ученици, на родители или на други заинтересирани;
- не смее да му се помага на ученикот при одговарањето (да му се кажува одговорот или да се упатува на одговорот преку дополнителни објаснувања или преку насоки во размислувањето);
- учениците не смеат да користат недозволени средства што ќе им помогнат да одговараат на прашањата на тестот (пр., договарање, препишување, дополнителни материјали, мобилни телефони, излегување за време на тестирањето и сл.);
- не смее да се продолжува времето за тестирање на одделни ученици (освен ако не се работи за адаптирани тестови за ученици со посебни потреби).



ПРЕГЛЕДУВАЊЕ И ОЦЕНУВАЊЕ

# Прегледување и оценување на тестовите

Прегледувањето и оценувањето на тестовите е фаза во процесот на тестирањето во која може лесно да се појави непрофесионално и неетичко однесување.

По завршувањето на тестирањето треба:

- сите тестови да бидат собрани и да се чуваат на безбедно место до почетокот на прегледувањето и оценувањето;
- при оценувањето на тестовите доследно да се почитува упатството за оценување и бодирање; доколку се работи за тестови со отворени прашања, кои имаат големо влијание за напредувањето на учениците, треба да се обезбеди и дополнителна проверка/контрола на усогласеноста на оценувањето со упатството за оценување;
- да биде објаснет и образложен начинот на претворање на резултатите/бодовите од тестот во оценки, секогаш кога тоа се прави;
- оценетите тестови да се чуваат определено време за да служат како доказ во случај на приговори или кога има потреба од дополнителни објаснувања.

**Притоа не е дозволено:**

- на ниту еден начин да се интервенира во одговорените тестови на учениците.

СООПШТУВАЊЕ

# Соопштување и користење на резултатите

За тестирањето да ја оствари целта за која е наменето важно е резултатите од него на соодветен начин да им бидат соопштени на корисниците.

Во врска со резултатите треба да се води грижа за следново:

- резултатите може да се објавуваат на претходно воспоставен начин при што треба да се зачува приватноста на учениците;
- резултатите од тестирањето треба во разумен временски период и на соодветен начин да им бидат соопштени и објаснети на учениците и на родителите;
- резултатите од тестирањата треба да се искористат за подобрување на наставата и учењето;
- по обработката на резултатите училиштето треба да направи анализа на постигањата по одделни предмети/подрачја;
- пожелно е наставникот да направи анализа на типичните грешки што учениците ги направиле на тестот за целата паралелка или поединечно за секој ученик, а добро е во овој процес да бидат вклучени и самите ученици; сознанијата од овие анализи може да се споделат со родителите;

- резултатите од тестовите може да се користат за оценување на учениците на начин што е предвиден со критериумите за претворање на бодовите во оценки кои се однапред воспоставени;
- доколку се работи за стандардизирани тестови тогаш заедно со резултатите треба да бидат дадени информациите што ќе ја олеснат интерпретацијата на резултатите (норми или споредба меѓу подгрупи), како и можностите за користење и ограничувања вклучувајќи предупредување дека тестот не смее да се користи за цели за кои не е наменет и не смее да му се дава поголема прецизност од онаа што е утврдена.

**Притоа не се дозволени следните активности:**

- резултатите од тестовите не смеат да се користат за други цели освен за целта за која се наменети;
- при донесување важни одлуки за ученикот (пр., давање годишна оценка, упис во нареден степен на образование) не смеат да имаат влијание други фактори освен резултатите од тестовите како единствена основа за донесување на одлуката;
- резултатите од тестовите на знаењата на учениците не смеат да се користат за вреднување на наставниците и на училиштата доколку не се статистички поткрепени со валидни показатели за влијанијата на други фактори врз резултатите на тестот (пр., образовното ниво на родителите, социјалното потекло на учениците, претходните знаења, претходните искуства со тестирање, условите во училиштето и сл.).

ИНФОРМИРАЊЕ

# Информирање на родителите и учениците

Учениците треба да имаат соодветни информации за целите на тестирањето, содржината на тестот, обврските за одговарање на тестот и правата што ги имаат, начините на користење на резултатите и правото на приговори.

Во врска со тоа:

- учениците треба однапред да бидат информирани кога ќе им биде зададен тестот, која е целта на тестот и кои содржини се опфатени со него; исто така треба да бидат информирани за типовите на прашањата во тестот и да добијат упатства за одговарање;
- ако одговарањето на тестот не е задолжително, родителите и учениците треба да бидат информирани за добрите и слабите страни од одлуката тестот да се одговара или не и дали постои алтернатива ако не се одговара на тестот;
- учениците и родителите треба однапред да бидат информирани за евентуалните права за увид во оценетиот тест;
- учениците треба да бидат информирани за правилата при одговарање на тестот, последиците од непочитувањето на правилата и евентуалното одземање бодови за давање неточни одговори;

- родителите и учениците треба да бидат информирани за правилата во врска со чувањето и објавувањето на резултатите од тестирањето;
- учениците и родителите треба да бидат информирани за правото на жалба во случај на несогласување со резултатите од тестот или пријава заради непочитување на процедурите за спроведување на тестирањето;
- при информирањето на учениците и родителите за резултатите од тестот наставникот треба да ги соопштува само фактите, а не да дава лични мислења поврзани со однесувањето на ученикот; тој може да дава совети во врска со натамошното учење.

**Притоа не е дозволено:**

- споредување на учениците и нивно рангирање според постигнатите резултати на тестот доколку тестот не е наменет за селекција.



ПРОВЕРКА

# Брза проверка на етичноста при тестирањето

> Во интерес на сите е секој ученик на тестот да го добие оној резултат кој е веродостоен и објективен и ги одразува знаењата што се мерат со него.

Најбрз начин да се процени дали некоја постапка на кој било вклучен во процесот на тестирање е етичка е да се одговори (одречно) на следниве прашања:

- Дали таа постапка ќе ги искриви резултатите од тестирањето и нема да се добијат податоци на кои може да им се верува?
- Дали таа постапка на некои ученици им дава предност во однос на други, а тоа не се должи на разликите во нивните знаења?
- Дали таа постапка ќе му овозможи на ученикот да одговори на прашањата во тестот што инаку не би ги одговорил?
- Дали ако не беше направено тоа, одоговорот на ученикот ќе беше поинаков?
- Дали таа постапка ќе резултира со добивање неточна слика за совладаноста на содржините што се тестираат?

- Дали истата постапка би била преземена и тогаш кога постојат сознанија дека некој го набљудува тоа што се прави?



